РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-533/15
01.09.2023 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС " ДООЕЛ Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 7349 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС " ДООЕЛ Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-533/13 од 31.08.2023 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-081-3/22 од 09.05.2022 година, и Анекс на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-081-4/22 од 06.06.2023 година изработен од Трговско друштво за геодетски работи „Ленд Кад Инж" ДОО Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-33/2022 од 09.05.2022 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 0901-431/23 од август 2023 година, извршен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје.

# О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-533/1 од 15.05.2023 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС “ ДООЕЛ Куманово.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце, со тех.број 23/02 од јули 2023 година, бр. 22-533/13 од 31.08.2023 година, со предвидена класа на намена: Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги.

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги согласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2023.09.01 13:43:52 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2023.09.01 13:44:32 +02'00'